Затворениот базен што почна да се гради, но никако да се изгради, во дворот на Основното училиште „Даме Груев“, веќе стана предмет и на првоаприлски шеги на учениците. Тие симболично направија базен од хартија и го пуштија во употреба на 1 април 2024 година. Доколку доследно се почитуваше склучениот договор за изградба на 25-метарскиот затворен базен, децата во него ќе пливаа уште пред три години. Ова е еден од тендерите што многумина жители на Битола го посочија како „проблематичен“ и за којшто побараа одговори на што се должи ова одолговлекување на градбата.

ГРАЃАНСКИ НАДЗОР НАД ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

# ИЗГРАДБА НА ЗАТВОРЕН БАЗЕН ВО БИТОЛА

## ЗА ИЗГРАДЕНИ 45 % ОД РАБОТИТЕ, ПЛАТЕНИ СЕ 74 % ОД ПАРИТЕ



## Во што е проблемот?

Објектот се гради со забавена динамика и на теренот, наместо деца, има обрасната трева. Градилиштето не е обезбедено и нема контрола на влез, поради што во неизградениот објект влегуваат мачки и кучиња, а воочено е и вандализирање на внатрешноста и на надворешноста на објектот со испишување графити. Инаку, изградбата на затворениот базен во Битола е дел од проектот на Агенцијата за млади и спорт за изградба на шест пливачки базени, освен во Битола, и во Штип, Кичево, Тетово, Кисела Вода и Ѓорче Петров. Базенот, по изградбата, требаше да ѝ се предаде на Општината на стопанисување. Тендерот за изградба на базенот е спроведен во 2019 година, по што во февруари 2020 година, договорот за изградба на пет базени, меѓу кои и битолскиот, е склучен со фирмата „Енергоинвест Трејд Глигор и др. ДОО“ Скопје, додека за базенот во Тетово, договорот е склучен со фирмата „Еуровиа ДООЕЛ“ Желино. Во согласност со договорот, базенот во Битола требало да биде изграден за 18 месеци, односно датумот на завршување на работите бил 4 септември 2021 година. Но, во реалноста, базенот е далеку од реализација.

# Што е откриено низ граѓанскиот надзор?

### Базенот не го гради фирмата со која е склучен договорот:

На објектот работат фирми како подизведувачи, за кои не е информирана дури ни фирмата чија обврска е да спроведува надзор над градбата. „На градилиштето не се води редовен градежен дневник и засега не е можно да се внесуваат сите забелешки. На градилиштето не е присутно одговорно лице кое е назначено во решението, ниту пак техничко лице. Работите ги извршуваат трети лица, за кои не се доставени официјални податоци. Нема доволно персонал за интензивирање на работите“ – се вели во последниот извештај од надзорот од крајот на мај 2024 година, од страна на фирмата „ЗИМ-Заводот за испитување на материјали и развој на нови технологии“ Скопје. Според извештајот, во базенот што требаше да биде изграден пред 3 години, допрва се монтира базенското корито.

### Менувани, но не и почитувани рокови:

Од 2019 година до денес, изведувачот не испочитувал ниту еден од трите „крајни рокови“ за изградба на базенот. Повеќе од извесно е дека нема да се испочитува ниту актуелниот, четврти по ред рок за изградба. Имено, првиот рок за изградба, според потпишаниот договор, истекувал за 18 месеци по отпочнување на градбата, односно на 4 септември 2021 година. Следуваат пролонгирања на рокот до 31 мај 2022 година, а потоа и до 7 февруари 2024 година, кои се направени без склучување анекс на договорот. Во моментов на сила е четвртиот рок, направен со склучување на анекс на договорот и според којшто сите работи околу изградбата на базенот треба да завршат до 30 декември 2024 година. Но, наместо забрзување на градбата, следува нов прекин; во август 2024 година, изградбата е стопирана затоа што во меѓувреме истекол договорот со фирмата за надзор над проектот „ЗИМ-Заводот за испитување на материјали и развој на нови технологии Скопје“. Воедно, од Министерството за спорт, како наследник на Агенцијата за спорт и млади, најавуваат дека ќе се спроведува ревизија на реализираните проекти и на проектите кои се во тек.



Сегашниот изглед на базенот однатре



Тесниот простор во којшто се гради базенот

## За базен изграден 45 %, платени се 74 % од парите:

Во согласност со договорот склучен на 7 февруари 2020 година, изградбата на базенот требало да чини 705 илјади евра. Но, на 29 јуни 2023 година, склучен е анекс-договор за зголемување на цената за изградба на базенот за 16 %, односно за повеќе од 110 илјади евра. Во согласност со овие измени, фирмата „Енергоинвест Трејд Глигор и др. ДОО" Скопје за изградбата на базенот ќе добие вкупно 815 илјади евра. Како причина за зголемување на цената за изградбата на базенот се наведени непредвидени околности, односно зголемување на цените на материјалите и на суровините на пазарот. Покрај зголемувањето на вредноста на договорот, дополнително е проблематично и тоа што според обезбедениот извештај од надзорот на изградбата на базенот, заклучно со мај 2024 година, се реализирани само 45 % од предвидените градежни работи за базенот. Но, од друга страна, на фирмата изведувач, заклучно со август, ѝ се платени 74 % вкупната вредност на договорот. Поконкретно, според податоците од Министерството за спорт, за градење на базенот во Битола, на „Енергоинвест Трејд Глигор и др. ДОО" Скопје ѝ се платени околу 604 илјади евра. Двете измени на договорите се скриени од јавноста, односно не е почитувана законската обврска за нивно објавување на Електронскиот систем за јавни набавки. Така, двата анекси на договорот за изградба на базенот се добиени преку барање за пристап до информации од јавен карактер.



Сегашниот изглед на базенот однадвор

## Не се преземени казнени мерки:

Во согласност со договорот, изведувачот бил должен да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 10 % од вредноста на договорот. Но, според достапните податоци, Агенцијата за млади и спорт, и покрај огромното доцнење, не ја активирала банкарската гаранција, ниту пак иницирала судски спор за неизградбата на базенот. Толерантноста на Агенцијата кон изведувачот е нејасна уште повеќе ако се има предвид дека фирмата која го добила договорот да го изгради базенот во Тетово го реализирала тоа уште во јули 2022 година. Од Министерството велат дека изградбата на базенот ќе продолжи по добивањето на ревизорскиот извештај и по избор на фирма за надзор. Одговорноста за заштита на веќе изграденото од пропаѓање е на изведувачот.

Сите документи во врска со изградбата на базенот во Битола се достапни на овој код:



## Каде да пријавите корупција?

Доколку сметате дека има неправилности во некоја јавна набавка, можете да пријавите во Државната комисија за спречување на корупцијата на телефонот **(02) 3248 930**, преку испраќање електронска пошта на: contact@dksk.org.mk или по писмен пат, на следнава адреса:

**Државна комисија за спречување на корупцијата,**
**бул. „Пресвета Богородица“ бр. 3, 1000 Скопје.**

Изработката на оваа публикација е овозможена со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата за меѓународен развој (УСАИД), а нејзината содржина е исклучиво одговорност на Центарот за граѓански комуникации и не може да се смета дека ги одразува ставовите на УСАИД или на Владата на Соединетите Држави.

USAID ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС